Oda Ekonomike e Maqedonisë VeriPerendimore
Стопанска Комора на Северо-Западна Македонија
Economic Chamber of North West Macedonia
Бр.-Nr.-No. 255/03-04
25.07 2013 год.- viti -year
СКОПЈЕ-SHKUP-SKOPJE

МАКЕДОНСКО - БУГАРСКА
СТОПАНСКА КОМОРА
Бр. 0101-081
25.07 2013 год.
СКОПЈЕ

OEMVP

Oda Ekonomike e Maqedonisë Veri-Perëndimore
Стопанска Комора на Северо -Западна Македонија
Economic Chamber of North -West Macedonia

МАКЕДОНСКО-БУГАРСКА
СТОПАНСКА КОМОРА
БИЗНИС БЕЗ ГРАНИЦИ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## МЕЃУ

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРО-ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА

## И

# МАКЕДОНСКО-БУГАРСКА СТОПАНСКА КОМОРА

Стопанска Комора на Северо-Западна Македонија претставувана од Претседателот на СКСЗМ г-дин Менедерес Кучи и Македонско-Бугарска Стопанска Комора, претставувана од Претседателот на МБСК г-дин Зоре Темелковски (во понатамошниот текст Странките), со цел за меѓусебна соработка меѓу страните, се согласуваат како подолу:

I

- Да ги дефинираат процедурите, начинот и обликот на работа и соработка;
- Да разменуваат информации и документи кои ќе помогнат околу организирањето на изложби и различни саеми;
- Заедно да подготват документи за посебни компоненти од областа на различните обуки во интерес на двете странки;
- Да се постави баланс меѓу спротивни приоритети;
- Заедно да планираат активности и да ја подржат бизнис програмата на другата странка;
- Во рамките на соработката да се водат од општите принципи на толеранција, одговорност, транспаретност и взаемно верување, како и почитување на разликите и дијалогот;
- Да се насочат кон успехот, опфаќајќи ги и давање на ефикасни и ефективни услуги на сите нивоа;
- На активен начин да се ангажираат во размената на информации со сите заинтересирани субјекти за соработка;
- Преку нивните претставници да дејствуваат во создавањето и имплементацијата на различните реформи кои имаат директно или индиректно влијание врз економскиот развој, како и во развојот на човечките ресурси;
- Да најдат начини за презентација на сите ставови на праведен, односно точен начин;
- Да развиваат стратегии и пристап за работа и соработка;
- Да се помогнат меѓусебно во областа на истражувањето во врска со пазарот и инвестициите, понудувајќи олеснувања и бизнис контакти;
- Да дејствуваат во интерес на двете странки.

II

Странките ќе се ангажираат да најдат и други начини за промоција и развој на економската соработка. Во овој правец, Странките во рамките на нивните можности, да направат студија на пазарот и јавното мислење во земјата, како и да иницираат проекти кои се со заеднички економски и општествен интерес.

III

Во продолжение и во спроведување на точката I и II, Странките се согласуваат во следното:

1. Странките ќе се помогнат меѓусебно во организација на различни настани како саеми, инфо канцеларии, Б2Б, презентации, форуми, семинари, конференции и други активности, каде ќе се промовира бизнисот како и економската соработка;

2. Странките ќе ги подржат бизнис контактите меѓи нивните членови, како и посетите на делегациите од други земји, што ќе влијае во промоција и во поддршка на организациските способности и во спроведување на програмите за кои се согласиле претходно заинтересираните претпријатија;

3. Странките, за подобрување на условите за бизнис, како и постојано зголемување на соработката меѓу нив, можат да аплицираат заедно на меѓународни проекти. За реализација на меѓусебни проекти меѓу странките, странките можат да разменат соработници и експерти од соодветни области;

IV

Овој договор може да се модифицира со претходна писмена согласност изразена од странките.

V

Со овој меморандум или договор за соработка, не запира соработката и со други субјекти.

VI

Овој меморандум влегува во сила со денот на потпишување и продолжува се додека една од странките не побара измена на содржината на меморандумот или доколку едната странка не ги почитува обврските кои произлегуваат од овој меморандум.

VII

Доколку Меморандумот не продолжи да биде во сила, Странките може да се согласат да продолжат со започнатите активности кои сеуште не се завршени.

VIII

Меморандумот за соработка е напишан на македонски јазик во четири оригинални копии, од кои по две (2) за секоја од странките.

Скопје, 25 Јули 2013

| | |
|---|---|
| **Стопанска Комора на Северо-Западна Македонија** | **Македонско-Бугарска Стопанска Комора** |
| Мендерес Кучи, Претседател | Зоре Темелковски, Претседател |